Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 септември 2021 година

Скопје, септември 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2021 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани..

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни

работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 105-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2021 година**

## Пред преминување на Дневен ред

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија
    - Агенда Европа дома

1. Записник од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 13 септември 2021 година

2. Информација за реконструкција на силоси за Жито-Прилеп

3. Информација во врска со постапка за кредитно задолжување за набавка на помошна механизација (опрема) за РЕК Битола - Новаци, кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација за креирање, реализација и имплементација на соодветен Информациски систем за дигитализација во туристичко-угостителскиот сектор (е-платформа)

5. Информација за предлог реализација на Гугл (Google) и Јутјуб (YouTube) кампања

6. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат условите за кредитирање по јавниот повик бр. 1 (освен условот за корисници на мерка 1-финансиска поддршка на плати) за кредити од Фондот за финансиска поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија)

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (разна стока) во кривична и прекршочна постапка

8. Известување за добивање согласност за додавање на дејност во регистрацијата, доставено од Казнено-поправна установа Затвор „Скопје“ -Скопје под бр.0306-3127/3 од 2 јули 2020 година

9. Информација за текот на судската постапка по предметот ТС1-31/18 на Основен суд-Битола (03-296/1)

10. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (за Друштво за производство на енергија ЕФТ солар ДООЕЛ Скопје)

11. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Друштво за производство, трговија и услуги Ветерен парк вирови ДООЕЛ Скопје)

12. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

13. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Патен коридор VIII - I фаза на проектот, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

14. Предлог-закон за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.76-1, по скратена постапка

15. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Косово и Владата на Република Северна Македонија за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово, со текст на Меморандум

16. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со рехабилитација на тампон зоната Блаце, со Предлог текст на Меморандум

17. Информација во врска со можноста за започнување на постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници

18. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-решение

19. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Вепрчани“, Општина Прилеп

20. Информација за исполнување на обврските на Република Северна Македонија во врска со Мерката 5 од БЕПС Инклузивната рамка и барањето на групата за Кодексот на однесување (Code of conduct) при Советот на ЕУ

21. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021

22. Предлог-одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (одобрување на средства во износ од 5.379.000 денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на изборните активности во 2021 година)

23. Информација за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија и Министерството за регионален развој на Република Косово и Договор за партнерство помеѓу Република Косово, претставено од Министерството за локална самоуправа како партнер - лидер и Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер за управување со Грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Косово - Северна Македонија 2014/2020, со усогласени текстови на Меморандум и Договор

24. Предлог-закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите

25. Предлог-закон за ратификација на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите

26. Предлог-закон за ратификација на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството

27. Предлог-закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на филмската копродукција (заедно со Анекс)

28. Информација во врска со подготовка на Предлог-решение за назначување на претседател, заменик – претседател, членови и заменици – членови и секретар на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план и со Предлог-одлука

29. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО мисијата НАТО Мисија Ирак-НМИ („NATO Mission Iraq- NMI“) во Ирак

30. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад-Казнено-поправна установа „Затвор“ -Тетово

31. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад-Казнено-поправна установа „Казнено - поправен дом“ - Штип

32. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад „Затвор“-Прилеп

33. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад „Затвор“ - Струмица

34. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено–поправна установа „Затвор“-Гевгелија)

35. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено-поправна установа „Затвор“-Битола)

36. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад - КПД „Идризово“

37. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад – „Затвор“-Охрид

38. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено – поправна установа „Казнено - поправен дом од отворен вид“-Струга)

39. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Воспитно – поправна установа „Воспитно-поправен дом“-Тетово)

40. Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година

41. Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година

42. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година

43. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година

44. Барање за давање на автентично толкување на членот 11 - б, став 12 од Законот за пожарникарство (Службен весник на Република Македонија број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16,152/19), поднесено од пратеникот Антонијо Милошоски

45. Статут на Меѓународен универзитет „Визион“ - Гостивар

46. Иницијатива поднесена од Бобан Богдановски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.87/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 91, став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015)

47. Иницијатива поднесена од Државна комисија за спречување на корупција, Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектото за изгрдба на инфраструкурниот Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/2021)

48. Понуда од од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот на КП бр.13034 со Имотен лист бр.101816 за КО Тетово 3

49. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105595, за КО Бутел, на КП бр.4481, викано место/улица Македонско-косовска бригада бр.60 и Имотен лист бр.16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонско-косовска бригада

50. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100134, за КО Бутел, на КП бр.192, викано место/улица Гарибалди и Имотен лист бр.5338, за КО Бутел, на КП бр.192, викано место/улица Гарибалди

51. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56113 за КО Ресен на КП бр. 3186 на викано место/улица Нијази Бег

52. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192319, за КО Драчево2, на КП бр.1207, викано место Ќупријан

53. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 викано место/улица Осоговска и Имотен лист бр.41722 за КО Прилеп на КП бр.23694 викано место/улица Осоговска

54. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот на КП бр.14158/3 со Имотен лист бр.81652 за КО Куманово

55. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10364 за КО Чардаклија, на КП бр.2261, Викано место/улица Село

56. Понуда од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.400 за КО Ајватовци на КП бр.724 викано место Али Чауш

57. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55294, за КО Центар 2, на КП бр.2692

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево"- Битола, за второто тримесечие за 2021 година од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

61. Информација во врска со продажбата на откупниот тутун од реколта 2020 година, статус на склучените договори со купувачи и идни активности на Тутунски комбинат АД Прилеп

62. Извештај за извршување на поставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година

63. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен извештај, за периодот јануари-јуни 2021 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија

64. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за јули 2021 година

65. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Клиничка болница-Штип за 2017 година

66. Информација во врска со потпишувањето на Меморандум за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово, со нов текст на Меморандум

67. Информација во врска со потпишувањето на усогласен текст на Меморандум за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за индустрија, претприемништво и трговија на Република Косово, со текст на Меморандум (за иновации, развој на технологијата и претприемништвото)

68. Извештај за завршени преговори за склучување на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, со усогласен текст на Договор

69. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус докторски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност на храна“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

70. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Иновативни технологии за храна“ на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

71. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент во образование“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

72. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

73. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Економија“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

74. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

75. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

76. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Уставно и управно право“ на Правен факултет, при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

77. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Јавна управа и администрација“ на Факултетот за современи општествени науки, при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

78. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програмата од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Англиски јазик и литература“ на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со Предлог-решение

79. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Надареност и талентираност“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

80. Информација за давање заем на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонијаво државна сопственост, Скопје

81. Информација за преговори за потпишување на Протокол помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Косово за соработка во областа на растителен карантин и заштита на растенијата, со Нацрт-текст на протокол

82. Извештај за изршени преговори за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, со Нацрт-текст на договор

83. Извештај за изршени преговори за потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово (во областа на земјоделството и руралниот развој), со текст на Меморандум

84. Информација за усогласување на договорите/меморандумите што ќе бидат на дневен ред на заедничката владина седница што ќе се одржи на 16 септември 2021 година

85. Информација за Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог-уредба

86. Информација за склучување на Билатерален договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот инвестициски проект „Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 105-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2021 година

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**
  **- Агенда Европа дома**

Владата го разгледа материјалот Агенда Европа дома (статус 14.9.2021 година), како материјал за информирање.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 13 септември 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 13 септември 2021 година.

2. Реализацијата на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во средните училишта на територијата на Општина Тетово и Општина Гостивар, да отпочне од 20 септември 2021 година, односно наставата од далечина да продолжи до 17 септември 2021 година.

## Точка 2

Владата ја симна од Дневниот ред Информацијата за реконструкција на силоси за Жито-Прилеп.

Истовремено, Владата заклучи да се изврши дополнително усогласување во врска со оваа информација помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и ЈП за берзанско работење Агро-берза-Скопје и ова прашање повторно да разгледува при првото наредно буџетирање.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапка за кредитно задолжување за набавка на помошна механизација (опрема) за РЕК Битола - Новаци, кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за креирање, реализација и имплементирање на соодветен Информациски систем за дигитализација во туристичко-угостителскиот сектор (е-платформа) и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата со заклучок истата да се преработи во насока Информацискиот систем за дигитализација во туристичко - угостителскиот сектор наместо „е – платформа“ да биде „е – туризам“.

2. Се укажува на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, во рок од седум дена да формира работна група поради оценување на можноста за воспоставување на информациски систем за дигитализација во туристичко-угостителскиот сектор, како и за правните импликации поради потребата од изменување и дополнување на соодветни закони и подзаконски прописи поради воспоставување на е - платформата и да подготви детална анализа со фискални импликации и временски рок за негова имплементација.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Државниот завод за статистика, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од три дена до Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да достават номинација по еден член и еден заменик - член во работна група.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за предлог реализација на Гугл (Google) и Јутјуб (YouTube) кампања и заклучи да не ја усвои истата.

## Точка 6

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат условите за кредитирање по јавниот повик бр.1 (освен условот за корисници на мерка 1-финансиска поддршка на плати) за кредити од Фондот за финансиска поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), за наредната седница на Владата поради потребата Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го достави конечниот список на корисници на мерка 1, во .xml/.xmls формат најмалку со даночен или матичен број на корисниците, до Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

## Точка 7

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом „Идризово“, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Дебар, во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Берово и истата да се разгледа на првата седница на Владата, која ќе се одржи по завршувањето на Локалните избори 2021 година, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

**Точка 8**

Владата го одложи од разгледување Известувањето за добивање согласност за додавање на дејност во регистрацијата, доставено од Казнено поправна установа Затвор Скопје - Скопје под бр.0306-3127/3 од 2 јули 2020 година за наредната седница на Владата поради потребата Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство да се усогласат по истото и до Владата да достават соодветен предлог.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на судската постапка по предметот ТС1-31/18 на Основен суд-Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Бидејќи од една страна во тек е судска постапка за предавање во владение на објекти на КП.бр.486 и КП.бр.487 за КО Скочивир, а од друга страна во сила е Одлука на Влада број 42-1802/1 од 7.7.2014 година со која недвижностите се даваат на користење на Општина Новаци, потребно е општината да изготви информација за неопходноста и целисходноста за користењето на предметните објекти од нивна страна ако истите се влезени во програми и проекти за инвестиционо вложување, пред конечно произнесување – донесување на одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија дали предметните недвижноси ќе му бидат доделени на користење на Ловно-риболовно здружение Пелагонија-Пелистер Битола или ќе остане во сила одлуката број 42-1802/1 од 7.7.2014 година.

2. Се препорачува на Општина Новаци да изготви информација за потребата од користење на недвижностите на КП.бр.486 и КП.бр.487 за КО Скочивир согласно одлуката број 42-1802/1 од 7.7.2014 година.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (за Друштво за производство на енергија ЕФТ солар ДООЕЛ Скопје), во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Друштво за производство, трговија и услуги Ветерен парк вирови ДООЕЛ Скопје), во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 13

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Патен коридор VIII - I фаза на проектот, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева и Дејан Николовски, државни советници во Министерството за финансии.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.76-1, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Косово и Владата на Република Северна Македонија за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово, со текст на Меморандум, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово.

## Точка 16

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со рехабилитација на тампон зоната Блаце, со Предлог текст на Меморандум, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со рехабилитација на тампон зоната Блаце.

Исто така, се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја прошири апликацијата за Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF - Western Balkans Investment Framework) и со рехабилитација на граничниот премин Блаце, за да може да се обезбеди грант и за оваа активност.

## Точка 17

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со можноста за започнување на постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници (најнов текст).

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“ с.Бешиште, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Вепрчани“, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер за локалитетот „с.Вепрчани“, Општина Прилеп (најнов текст).

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за исполнување на обврските на Република Северна Македонија во врска со Мерката 5 од БЕПС Инклузивната рамка и барањето на групата за Кодексот на однесување (Code of conduct) при Советот на ЕУ и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да го измени Законот за технолошки индустриски развојни зони до крајот на 2022 година, со имплементирање на пристапот „nexus”.

2. Се задолжува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, до 15.9.2021 година да ја информира групата за Кодекстот на однесување (Code of conduct) при Советот на ЕУ за изменување на Законот за технолошки индустриски развојни зони во согласност со барањата на Форумот за штетни даночни практики (FHTP).

## Точка 21

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (одобрување на средства во износ од 5.379.000 денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на изборните активности во 2021 година), во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија и Министерството за регионален развој на Република Косово и Договор за партнерство помеѓу Република Косово, претставено од Министерството за локална самоуправа како партнер - лидер и Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер за управување со Грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Косово - Северна Македонија 2014/2020, со усогласени текстови на Меморандум и Договор и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија и Министерството за регионален развој на Република Косово и Договор за партнерство помеѓу Република Косово, претставено од Министерството за локална самоуправа како партнер - лидер и Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер за управување со Грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Косово - Северна Македонија 2014/2020, со усогласени текстови на Меморандум и Договор со заклучок истата да се преработи во насока на објаснување на постапката на усогласување на Меморандумот и Договорот кои се предмет на потпишување.

2. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа за Република Северна Македонија и Министерството за регионален развој на Република Косово и усогласениот текст на Договорот за партнерство помеѓу Република Косово, претставено од Министерството за локална самоуправа како партнер - лидер и Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер за управување со Грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Косово - Северна Македонија 2014/2020.

3. Се овластува м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа да ги потпише усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа за Република Северна Македонија и Министерството за регионален развој на Република Косово и усогласениот текст на Договорот за партнерство помеѓу Република Косово, претставено од Министерството за локална самоуправа како партнер - лидер и Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер за управување со Грант

Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Косово - Северна Македонија 2014/2020.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи, Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска-Стојановска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерство за надворешни работи и Сузана Стамболиска-Мечевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на шумарството, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Наташа Дескоска,

помошник директор во Министерството за надворешни работи и Александар Мусалевски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 27</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на филмската копродукција (заедно со Анекс) го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Бојан Лазаревски, директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, Методија Белески, директор во Министерството за надворешни работи, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Даниела Станковска-Плачковска, раководител на сектор во Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 28</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со подготовка на Предлог-решение за назначување на претседател, заменик – претседател, членови и заменици – членови и секретар на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план и со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со подготовка на Предлог-решение за назначување на претседател, заменик – претседател, членови и заменици – членови и секретар на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план.

2. Ја донесе Одлуката за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план, во предложениот текст.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда, а се укажува на Јавното

обвинителство на Република Северна Македонија, Агенцијата за управување со одземен имот и Академијата за судии и јавни обвинители, во рок од три дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца преставници од своите институции за член и заменик-член во Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план.

4. Се задолжува Министерството за правда да му укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Основниот кривичен суд Скопје во рок од три дена до Министерството за внатрешни работи да достави номинации на двајца претставници за член и заменик - член во Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена по добивање на номинациите од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Основниот кривичен суд Скопје, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Агенцијата за управување со одземен имот и Академијата за судии и јавни обвинители да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за назначување на претседател, заменик – претседател, членови и заменици – членови и секретар на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО мисијата НАТО Мисија Ирак-НМИ („NATO Mission Iraq-NMI“) во Ирак, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад - Казнено-поправната установа „Затвор“-Тетово, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии –

Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад - Казнено - поправна установа „Казнено - поправен дом“-Штип, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во ново доставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад-„Затвор“-Прилеп, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

## Точка 33

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад-„Затвор“-Струмица, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

## Точка 34

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено–поправната установа-„Затвор“ - Гевгелија), за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47 став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

## Точка 35

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено-поправната установа – „Затвор“ - Битола), за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

## Точка 36

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад - КПД „Идризово“, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења бр.СВ V-102/21-4, од 30.8.2021 година.

## Точка 37

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад – „Затвор“-Охрид, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и

да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења бр.СВ V-102/21-9, од 30.8.2021 година.

**Точка 38**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Казнено – поправна установа „Казнено - поправен дом од отворен вид“ - Струга) за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

**Точка 39**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Воспитно – поправна установа „Воспитно-поправен дом“-Тетово) за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да го усогласи материјалот и да изгради усогласен став со Министерство за финансии – Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство во однос на начинот и основот по кој треба да се предложи Предлог-одлуката, односно дали врз основа на член 42, став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост или врз основа на член 47, став 1 од истиот закон.

Притоа, Министерството за правда, Управата за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство при заземање на усогласен став по предметните одлуки, да го имаат предвид наведеното Мислење во новодоставената Процена од Бирото за судски вештачења, од 30.8.2021 година.

## Точка 40

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 5 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016, 178/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година. Имајќи го предвид наведеното, временската рамка е задоцнета, но дадено е образложение за истото, дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, како и Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија биле известени за потребата за именување на членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

Исто така, согласно став (4), од истиот член на Законот, Годишниот извештај за работата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година, а Собранието го одобрува најдоцна до 30 април истата година. И оваа одредба навремено не е испочитувана од истата причина.

Според став (5) од истиот член, годишниот извештај за работата особено содржи: извештај за извршени активности на Агенцијата во претходната година, извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Северна Македонија во претходната година, извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за претходната година и финансиски извештај за претходната година (годишна сметка) и ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

Исто така, текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година има потреба од правно-техничко и редакциско подобрување. Вооедно, се укажува дека во Прилог кон Предлог-одлуката треба да се достави и образложение на истата.

Воедно, насловот на доставениот извештај соодветно да се преработи во смисла да се усогласи со насловот на истиот кој е наведен во Предлог-одлуката, согласно горецитираните законски одредби.

Согласно Извештајот за финансискиот план и Финансискиот извештај за 2019 година, Агенцијата во 2019 година има остварено приходи во вкупен износ од 10.049.286 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 5.646.409 денари.

Извештајот за 2019 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2019 година и остварените расходи во истата година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2019 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2018 година.

Во прилог е доставен и Извештај на независен ревизор, Ефект плус - Друштво за ревизија, кој согласно финансиските извештаи ја дава вистинската и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор заклучно со 31 декември 2019 година, како и нејзината финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Во Извештајот на независниот ревизор „Ефект плус“ - Друштво за ревизија, се укажува во идниот период при прифаќање на ревизорските извештаи, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор да ги проверува имињата на двата железнички ентитети, затоа што не коореспондираат со називот на истите.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење, а притоа да се имаат предвид горе-наведените укажувања по однос на материјалот.

**<u>Точка 41</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 5 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016, 178/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година. Имајќи го предвид горенаведеното, временската рамка е задоцнета, но дадено е образложение за истото, дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, како и Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија биле известени за потребата за именување на членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

Исто така, согласно став (4), од истиот член на Законот за железничкиот систем, Годишниот извештај за работата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година, а

Собранието го одобрува најдоцна до 30 април истата година. И оваа одредба навремено не е испочитувана од истата причина наведена во претходниот пасус.

Текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година има потреба од правно-техничко и редакциско подобрување. Во прилог на Предлог-одлуката да се достави и образложение на истата. Насловот на доставениот извештај соодветно да се преработи во смисла да се усогласи со насловот на истиот кој е наведен во Предлог-одлуката, согласно погорецитираните законски одредби.

По однос на содржината на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година, истиот изработен е согласно членот 109 став (5) од истиот Закон и ги содржи сите наведени елементи: Извештај за извршени активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2020 година, Извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во 2020 година, Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година и финансиски извештај за 2020 година (годишна сметка) и Ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

Согласно Извештајот за финансискиот план и финансискиот извештај за 2020 година, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2020 година има остварено приходи во вкупен износ од 12.084.251 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 4.340.918 денари. Извештајот за 2020 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2020 година и остварените расходи во 2020 година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2020 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2019 година.

Во прилог е доставен Извештај на независен ревизор, Ефект плус-Друштво за ревизија, кој согласно финансиските извештаи дава вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор заклучно со 31 декември 2020 година, како и нејзината финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година.

## Точка 42

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 6 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016, 178/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа и развој за 2020 година.

Исто така, согласно член 109 став (2) Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година. Имајќи го предвид горенаведеното, временската рамка е задоцнета, но дадено е образложение за истото, дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, како и Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија биле известени за потребата за именување на членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

По однос на содржината на Годишната програма за работа и развој за наредната година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, истата е изработена согласно членот 109, став (3) од истиот Закон и ги содржи наведените елементи: Програма за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година и Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година.

Во врска со Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година, текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година, има потреба од правно-техничко и редакциско подобрување. Во прилог на Предлог-одлуката да се достави и образложение на истата.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2020 година, одредени расходи се планирани на исто ниво во однос на планираното во 2019 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2019 година и тоа: инвестиционо одржување на средствата, дневници за службени патувања и патни трошоци и интелектуални и други услуги. Притоа, дадено е образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година.

## Точка 43

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година, со Предлог-одлука и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 103 став (1) алинеја 6 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016, 178/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишна програма за работа и развој за 2021 година.

Исто така, согласно член 109, став (2) Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

По однос на содржината на Годишната програма за работа и развој за наредната година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор изработена е согласно членот 109, став (3) од истиот Закон и ги содржи наведените елементи: Програма за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година и Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година.

Со Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, приходите и расходите се планирани во вкупен износ од 20.748.000,00 денари и истите во однос на 2020 година се намалени за околу 0.7%.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2021 година, одредени расходи се планирани на исто ниво во однос на планираното во 2020 година, а одредени се планирани на повисоко износ во однос на планираниот за 2020 година и тоа: други услуги и надомест за трошоци на работниците. Притоа е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Во однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година Владата укажува дека има потреба од правно-техничко и редакциско подобрување.

Воедно, потребно е во прилог на Предлог-одлуката да се достави и Образложение на истата.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по материјалот со укажување да се имаат предвид роковите во цитираната одредба од член 109 од Законот за железнички систем.

## Точка 44

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 11-б, став 12 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и 152/2019), поднесено од пратеникот Антонијо Милошоски и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за автентично толкување поднесено од пратеникот Антонијо Милошоски се однесува на автентично толкување на поимот „Работно искуство во струката" кое како посебен услов за работното место треба да го исполнат раководните пожарникари-спасители од категоријата Б од членот 11-б, став (12) од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/2019), и истото гласи:

„Потребата од автентично толкување на оваа одредба потекнува од тоа што во неколку судски предмети се толкува на начин што формулацијата „РАБОТНО ИСКУСТВО ВО СТРУКАТА" се толкува како работно искуство во било која струка каде евентуалниот кандидат има стекнато образование (пример право, градежништво, медицина, образование и сл.), а не ВО СТРУКАТА НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО.

Потребно е да се објасни дали под формулацијата „РАБОТНО ИСКУСТВО ВО СТРУКАТА" се мисли на СТРУКА ВО ПОЖАРНИКАРСТВОТО или било која друга струка."

Според член 68, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Во членот 11-б), точка 12), подточки а) и б) од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19) е пропишано: „(12) Раководните пожарникари-спасители од категоријата Б треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:
а) стручни квалификации, и тоа:
- за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификациите VI/А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степени,
- за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование и
б) работно искуство, и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 најмалку четири години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж."

Со влегувањето во сила на Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија бр.27/14) од 5.2.2014 година и отпочнување на неговата примена, една година од денот на влегувањето во сила, односно од 13.2.2015 година, во смисла на членот 107 од истиот, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија бр.39/16) од 29.2.2016 година, со кој е извршена измена на членот 11-б, точка (12), во која се предвидени посебните услови (стручни квалификации и работно искуство) за работно место за раководните пожарникари- спасители од категоријата Б.

По однос на побараното автентично толкување на поимот „работно искуство во струката" како посебен услов, Владата на Република Северна Македонија известува дека условите во двата закони се идентични, а овој поим е дефиниран во членот 5, точка 5 од Законот за административни службеници, според кој „работно искуство во струка" е периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование".

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија известува дека по однос на побараното автентично толкување на поимот „работно искуство во струката" кое како посебен услов за работното место треба да го исполнат раководните пожарникари-спасители од категоријата Б, од членот 11-б, став (12) од Законот за пожарникарството, Собранието на Република Северна Македонија, треба да даде автентичнотото толкување и истото да го заснова на членот 5, точка 5 од Законот за административни службеници.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го разгледа Статутот на Меѓународниот Универзитет „Визион" - Гостивар и притоа го утврди следното мислење:

По однос на текстот на Статутот на Меѓународниот Универзитет „Визион" - Гостивар, од аспект на Законот за високото образование, како и од формално-правен аспект, вградени се сите забелешки дадени од страна на Владата.

Со оглед на горенаведното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Статутот на Меѓународниот Универзитет „Визион" - Гостивар.

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Бобан Богдановски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.87/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 91, став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на адвокат Бобан Богдановски од Скопје, поднесена е Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 91, став 2 од Законот за стечај и тоа во делот: „Доверител кој оспорил побарување на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник се упатува на парница. Доверителот кој е упатен на парница е одговорен за штетата што може да биде предизвикана со водењето на парницата ако тужбеното барање биде одбиено како неосновано. Доверителот кој го оспорува побарувањето е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување на надоместок на штета најмалку во износ од една петтина од висината на оспореното побарување. Ако не достави доказ за обезбедувањето, заедно со тужбата, се смета дека доверителот се откажал од оспорување на побарувањето. Ако тужбеното барање на доверителот биде усвоено во парницата трошоците на постапката паѓаат на товар на стечајната маса.“.

Во својата Иницијатива, подносителот наведува дека оспорената одредба е во спротивност со член 50 од Уставот на Република Северна Македонија и дека со условувањето со давање на гаранција во висина од 1/5 од вредноста на побарувањето (спорот) се губи смислата на концептот на судска заштита и на владеење на правото.

Понатаму наведува дека, со оспорената одредба се доведуваат во нерамноправна положба граѓаните со повреда на правото на еднаков пристап пред судот во заштита на нивните права.

По разгледување на наводите во Иницијативата, Владата смета дека ваквата Иницијатива е неоснована.

Неспорно е дека Законот за стечај пропишува дека доверителот кој го оспорува побарувањето е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување на надоместок на штета најмалку во износ од една петтина од висината на оспореното побарување. Ваквата одредба се однесува на оние ситуации каде што стечајниот управник го признал побарувањето на доверител, но друг доверител го оспорил ваквото побарување и против истото повел парнична постапка. Имајќи предвид дека законска претпоставка е дека стечајниот управник во испитувањето на побарувањата во стечајната постапка ќе биде совесен и одговорен, со оглед дека Законот за стечај пропишал постапување со внимание на уреден и совесен трговец (член 2, став 1, точка 3 од Законот за стечај), исто така законот пропишал механизам на заштита на доверител од неосновано оспорување на побарување од друг доверител, бидејќи токму постоењето на ваков механизам за авансирање на

трошоците, овозможува почитување на начелото на итност на постапката и заштитува од непотребно одолговлекување на стечајната постапка, на којашто поведените парници за оспорување на побарување имаат влијание. Особено, имајќи предвид дека во случај на непостоење на ваков механизам, постои ризик, доверител чие побарување е неосновано оспорено, да се доведе во ситуација и над него да биде отворена стечајна постапка поради тоа што неоснованото парничење го довело во состојба на неликвидност.

Од таа причина, законодавецот правилно пропишал обврска за доверител кој оспорува побарување на доверител чие побарување е признаено, со тужбата да достави гаранција во висина од 1/5 од вредноста на побарувањето и неосновани се наводите дека ваквата обврска го доведува во неповолна положба доверителот кој оспорува признаено побарување на друг доверител, бидејќи истата има за цел да ги заштити доверителите од неосновано водење на постапки кои би резултирале со штета, тоа би довело и до неосновано одолговлекување на стечајната постапка.

Дека е тоа така, произлегува и од фактот што Законот за стечај не е единствен закон кој што пропишал полагање на гаранција за водење на постапки. Согласно член 153 од Законот за меѓународно приватно право, исто така е пропишано обезбедување на трошоците на постапката во ситуација ако станува збор за постапка поведена од лице без државјанство, физичко лице кое не е државјанин на Република Северна Македонија, или странско правно лице. Впрочем, обврска за авансирање на трошоци на постапката е предвидена и согласно Законот за парничната постапка во повеќе ситуации и тоа никако не значи повреда на начелото на еднаквост на граѓаните, ниту на начелото на владеење на правото. Обврските за полагање на гаранција/аванс има за цел да одврати од неосновано водење на парнични постапки, кои несомнено резултираат со трошоци на постапката за странката која е тужена, а за кои основана причина дека истиот нема да може лесно да ги намири од страната која неосновано ја повела постапката, а не како што неосновано е наведеното од подносителот на Иницијативата, да ги спречи граѓаните да се откажат од заштита на нивните права во стечајната постапка.

По однос на наводите истакнати во Иницијативата дека со ваквата одредба се остава простор за неконтролирано постапување на стечајните управници, подносителот пропуштил да утврди дека стечајниот управник постапува во предметите како своевиден повереник на судот, па од таа причина постојат механизми за контрола на неговата работа согласно Законот за стечај и позитивните прописи во Република Северна Македонија. Овластувањето на стечајниот управник за признавање, оспорување на побарување е ограничено и истиот не смее да го злоупотреби правото на оспорување, ниту правото на утврдување. Правилата поврзани со заштита на доверителите околу признавањето на непостоечко побарување на доверител, иако изречно не се наведени како такви, сепак се нормирани со правилата кои се однесуваат на разрешување на стечајниот управник од должноста поради повластување на доверител. Исто така, за дејствијата на стечајниот управник подносителот пропуштил да утврди дека нормирана е и негова кривична одговорност.

Од таа причина, неосновани се наводите дека погоре наведената одредба доведува до непостоење на одговорност на стечајниот управник при неговото постапување.

Имено, неоснованото признавање на побарување, кое подоцна ќе биде утврдено со правосилна судска одлука, секако претставува основа за разрешување на стечајниот управник (член 36, став 1, точка 3 од Законот за стечај) и можност за поведување на постапка за надомест на штетата која истиот ја причинил при постапувањето. Но, бидејќи во стечајната постапка, целта е колективно и итно намирување на доверителите, законодавецот пропишал во случај кога ќе се утврди дека стечајниот управник постапил погрешно кога признал побарување над доверител, а истото во постапка основано било оспорено од друг доверител, трошоците да се наплатат како трошоци на стечајната маса, а со цел да му се даде предност на овој доверител во намирување на неговите трошоци, што е поповолно за него, бидејќи Законот за стечај пропишува првенствено намирување на трошоците на стечајната маса. Ваквата одредба, не исклучува поведување на постапка за надомест на штета против стечајниот управник, ако се утврди дека истиот постапил спротивно на Законот за стечај и неосновано признал побарување кое не смеел да го признае. Во случај на разрешување на стечајниот управник поради несовесно постапување, не се исклучува негова одговорност за надомест на штетата и негова кривична одговорност. Дополнително, доколку стечајниот судија го разреши стечајниот управник поради повреда на неговите должности согласно Законот за стечај, постои можност со заклучок да му наложи на новиот стечаен управник да ја преиспита постапката на утврдување и оспорување на побарувањата на доверителите од претходниот стечаен управник.

Она кое пропушта да го утврди подносителот е дека не може да постои еднаквост помеѓу стечајниот управник и доверителот, со оглед дека стечајниот управник е орган на стечајната постапка и како таков не е странка во постапката, но истиот воедно настапува и како застапник по закон на стечајниот должник (член 33 од Законот за стечај). Ова подразбира постоење на одредени права и негови обврски при постапувањето, а кои подлежат на контрола и согласно Законот за стечај и согласно Кривичниот законик, а како што погоре е наведено.

Од таа причина, неосновани се наводите дека овој институт го доведува доверителот во понеповолна положба во однос на стечајниот управник и дека со тоа доверителот е спречен да се повика на судска заштита на слободите и правата пред судовите во Република Северна Македонија. Постоењето на посебни услови за поведување на постапки, за што е даден пример погоре, на ниту еден начин не го спречува, ниту лишува доверителот во постапката да поведе постапка против друг доверител.

Поради се погоре наведено, ваквата Иницијатива е неоснована и треба да биде отфрлена, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 91, став 2 од Законот за стечај, во делот „Доверител кој оспорил побарување на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник се упатува на парница. Доверителот кој е упатен на парница е одговорен за штетата што може да биде предизвикана со водењето на

парницата ако тужбеното барање биде одбиено како неосновано. Доверителот кој го оспорува побарувањето е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување на надоместок на штета најмалку во износ од една петтина од висината на оспореното побарување. Ако не достави доказ за обезбедувањето, заедно со тужбата, се смета дека доверителот се откажал од оспорување на побарувањето. Ако тужбеното барање на доверителот биде усвоено во парницата трошоците на постапката паѓаат на товар на стечајната маса.“.

**Точка 47**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата, Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструкурниот Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/2021) за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Иницијативата.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот на КП бр.13034 со Имотен лист бр.101816 за КО Тетово 3 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105595, за КО Бутел, на КП бр.4481, викано место/улица Македонско-косовска бригада бр.60 и Имотен лист бр.16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонско-косовска бригада и по истата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100134, за КО Бутел, на КП бр.192, викано место/улица Гарибалди и Имотен лист бр.5338, за КО Бутел, на КП бр.192, викано место/улица Гарибалди и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56113 за КО Ресен на КП бр.3186 на викано место/улица Нијази Бег и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните

мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 52

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192319, за КО Драчево 2, на КП бр.1207, викано место Ќупријан и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 викано место/улица Осоговска и Имотен лист бр.41722 за КО Прилеп на КП бр.23694 викано место/улица Осоговска и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот на КП бр.14158/3 со Имотен лист бр.81652 за КО Куманово и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10364 за КО Чардаклија, на КП бр.2261, Викано место/улица Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.400 за КО Ајватовци на КП бр.724 викано место/улица Али Чауш и по Понудата ги прифати негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска- Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55294, за КО Центар 2, на КП бр.2692 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на

Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 58**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 59**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 септември 2021 година до 8 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за изменување на Заклучок донесен на Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2021 година, по точка 62, а во врска со Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од корона вирусот КОВИД-19, за период од 1 март 2020 година до 30 ноември 2020 година за наредната седница, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање помеѓу Секретаријат за европски прашања, Министерството за здравство и Државниот завод за ревизија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 4 септември 2021 година до 10 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Известувањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за учество на Меѓународниот форум за сеќавање на холокаустот и борбата против антисемитизмот („Remember-React“), кој ќе се одржи во Малме, во периодот 12-14 октомври 2021 година и заклучи:

1) Република Северна Македонија преку Министерството за образование и наука, а во рамките на реформата на наставните планови и програми за основното образование во следните две години ќе вклучи наставни содржини што ќе го обработуваат антисемитизмот и негирањето на холокаустот за учениците од завршните одделенија на основното образование (VIII и IX одделение).

2) Република Северна Македонија преку Министерството за образование и наука, а во рамките на календарот за задолжителни екскурзии на учениците на основните и средните училишта ќе вклучи задолжителна посета со вклучена едукативна содржина на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија во Скопје.

3) Владата ја усвои работната дефиниција за антициганизам/дискриминација на Ромите, донесена од Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот.

<u>Точка 60</u>

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“- Битола, за второто тримесечие за 2021 година од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање, при што да се има предвид негативното Мислење од Министерството за финансии со оглед на остварениот негативен финансиски резултат.

<u>Точка 61</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со продажбата на откупениот тутун од реколта 2020 година, статус на склучените договори со купувачи и идни активности на Тутунски комбинат АД Прилеп, како материјал за информирање.

<u>Точка 62</u>

Владата го разгледа Извештајот за извршување на поставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари-јуни 2021 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за јули 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Клиничка болница-Штип за 2017 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи да престане да важи заклучокот под број 3 од точка 62 од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2019 година кој гласи: „Се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува извештаи за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година во Јавната здравствена установа Клиничка болница – Штип“, со оглед на тоа дека ЈЗУ Клиничка болница-Штип ги спровела препораките од Акцискиот план.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишувањето на Меморандум за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово, со нов текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпише Меморандумот за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово.

## Точка 67

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потпишувањето на Меморандум за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за индустрија, претприемништво и трговија на Република Косово, со текст на Меморандум (за иновации, развој на технологијата и претприемништвото) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за индустрија, претприемништво и трговија на Република Косово.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за индустрија, претприемништво и трговија на Република Косово.

## Точка 68

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за завршени преговори за склучување на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово..

2. Се определува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус докторски студии (180 ЕКТС) по „Безбедност на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје со заклучок Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Иновативни технологии за храна" на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма

од трет циклус на студии по „Иновативни технологии за храна и нутриционизам“ на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола со заклучок Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент во образование“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент во образование“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерски науки“ на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Економија“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економија“, на англиски јазик, на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Бизнис администрација“ на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Бизнис администрација“ на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Уставно и управно право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Уставно и управно право“ на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик по „Јавна управа и администрација“ на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“, на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Англиски јазик и литература“ на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Англиски јазик и литература“ на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Надареност и талентираност“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Надареност и талентираност“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 80

Владата по Информацијата за давање заем на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, донесе Одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за преговори за потпишување на Протокол помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Косово за соработка во областа на растителен карантин и заштита на растенијата, со Нацрт-текст на протокол, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Условно го прифати текстот на Протоколот помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Косово за соработка во областа на растителен карантин и заштита на растенијата, доколку истиот е прифатен од страна на Република Косово.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа, да го потпише Протоколот помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Косово за соработка во областа на растителен карантин и заштита на растенијата, доколку истиот е прифатен од страна на Република Косово.

## Точка 82

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, со Нацрт-текст на договор, го усвои Извештајот и притоа заклучи:

1. Условно го прифати текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, доколку истиот е прифатен од страна на Република Косово.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, доколку истиот е прифатен од страна на Република Косово.

## Точка 83

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово (во областа на земјоделството и руралниот развој), со текст на Меморандум, го усвои Извештајот и заклучи:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за усогласување на договорите/меморандумите што ќе бидат на дневен ред на заедничката владина седница што ќе се одржи на 16 септември 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Точката 1. Договор за спречување на насилниот екстремизам и радикализам кој носи кон тероризам од Табелата на договори/меморандуми кои ќе бидат на дневен ред за потпишување на заедничката владина седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово да изостане.

- Делегацијата на Владата на Република Косово на граничниот премин Блаце да ја пречека д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока со заклучок Министерството за транспорт и врски номотехнички да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство и кон истата да достави образложение.

**Точка 86**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за склучување на Билатерален договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот инвестициски проект „Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион", за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | dr. Artan Grubi |